**Известување за концентрација со која Сејфор, а.с. Чешка Република има намера да стекне самостојна контрола директно над М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД Србија**

**(предмет бр. 08-89/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.05.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Сејфор, а.с. (Seyfor, a.s.), со седиште на Дробнехо 555/49, Понава, 602 00 Брно, Чешка Република (Drobného 555/49, Ponava, 602 00 Brno, Czech Republic) има намера да стекне самостојна контрола директно над М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД (M&И SYSTEMS, CO DOO NOVI SAD), со регистрирана адреса на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија (Industrijska 3b, Novi Sad, Serbia) и индиректно над M&И SYSTEMS д.о.о Бања Лука (M&И SYSTEMS d.o.o Banja Luka), со регистрирана адреса на Видовданска бр. 2, Бања Лука, Босна и Херцеговина (Vidovdanska 2, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina), по пат на купување на удели.

Примарната дејност на Сејфор, а.с. е развој на деловни системи (ERP решенија, ИТ инфраструктурни проекти и приспособени системи).

Во Северна Македонија, Сејфор, а.с. има едно регистрирано поврзано друштво – Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7400292 и регистрирано седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр.40, Скопје – Центар, Република Северна. Регистрираната приоритетна дејност на Квантокс технолоџи е 62.01 - Компјутерско програмирање.

Регистрираната дејност на М&И Системс е 7022 – консултантски услуги во врска со работењето и другите начини на управување. Основната дејност на М&И Системс се состои од: давање на услуги, односно развој на производи, имплементација, технолошки услуги, консултантски услуги и услуги за обезбедување поддршка (софтверски решенија, дигитални трансформации и ИТ консалтинг).

М&И Системс нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

М&И Системс БиХ е дел од групацијата М&И Системс. Приоритетната дејност на М&И Системс БиХ е 60.01 – компјутерско програмирање.

М&И Системс БиХ нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија и не ги дистрибуира своите стоки и услуги на пазарот во Северна Македонија.

За целите на Известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар на услуги на информатичка технологија (ИТ) и консултантски услуги, додека точниот географски опсег на пазарот е најмалку национален или поширок од национален, но дефиницијата на релевантниот географски пазар може да се остави отворена бидејќи предметната концентрација не предизвикува никакви загрижености во однос на конкуренцијата според која било можна дефиниција на пазарот.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.06.2024 година
Скопје